Број: 11–7238/3
Датум: 01.09.2026
Скопје

Врз основа на член 50 став 1, член 22 став 1 точка 6 и член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), а во врска со Глава II. Проектни активности точка 2 Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 23/2025 и 10/2026) а во врска со Одлуката за објавување на Оглас за доделување стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение со број 11-7238/2 од 13.08.2026 година, Комисијата за Доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение објавува

# ОГЛАС
## за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение

### I. Услови за доделување стипендија

- Да се жители на општината Карпош (адреса на живеење),
- Потврда од училиштето дека спортистот во учебната 2026/2027 година ќе биде ученик во VIII или IX одделение.

### II. Критериуми за доделување стипендија

Спортистот потребно е да има постигнато индивидуални спортски резултати, потврдени од матичната национална спортска федерација и да се во согласност со календарот на натпревари на националните федерации за периодот од 01.09.2025 година до 31.08.2026 година:

Прва категорија:

- освоено прво место на национално првенство (национален првак освоено индивидуално I место);
- награда за индивидуално постигнување: национален рекорд,

прогласен за најдобар играч, најдобар поентер или голгетер, талент и слично;
- репрезентативец на Македонија, да има учество најмалку на еден натпревар и да се наведе кога, каде и со кој противник бил натпреварот (да се достави копија од записник, билтен или друг доказ од натпреварот).

Втора категорија:

- освоено индивидуално II место на официјално национално првенство;

Останати успеси и резултати, нема да се земат впредвид.

## III. Потребни документи

- Биографија на спортистот,
- Потврда од клуб дека е нивен член
- Фотокопија од спортска легитимација,
- Важечки документ (потврда) издадена од матичната национална федерација за спортските успеси и резултати,
- контакт телефон и имеил адреса,
- трансакциска сметка.

## IV. Висината на стипендијата и рангирање

Висината на стипендијата изнесува:

- прва категорија 3.500,00 денари месечно (за осум месеци во текот на учебната година),
- втора категорија 3.000,00 денари месечно (за осум месеци во текот на учебната година).

## V. Начин на пријавување

Документите се доставуваат во затворен плик во Архивата на Општина Карпош ул. Никола Русински бр. 11 – Скопје, со назнака „За доделување на Стипендии за талентирани спортисти жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение.

**VI. Рок за поднесување на документи**

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 21.09.2026 година.

Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

**Напомена**:

- Еден кандидат од Општина Карпош може да оствари право само на една стипендија (спорт или образование).
- Доколку спортистите имаат веќе добиено еднократна парична помош од областа на спортот и спортската рекреација од Општина Карпош, барањето за стипенди за талентирани спортисти жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение за 2026/27 година нема да бидат разгледувани и одобрени.
- Подносител на предметот/барањето да биде родител или законски старател.

ОПШТИНА КАРПОШ